# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Понеделник 31.10.2022 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 08 - Година 2022** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година;
2. Одлука за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија;
3. Одлука за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;
4. Одлука за одобрување на приоритетен објект по проектот ,,Поврзување на локални патишта,, финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка;
5. Заклучок за не усвојување на финансиски извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година;
6. Одлука за давање на користење движна ствар товарно возило Марка - IVECO ИВЕКО за собирање на комунален отпад на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
7. Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
8. Заклучок за не усвојување на годишен план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево;

**9.** Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен проценител на недвижен имот;

**10.** Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор;

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1381/1 | Градоначалник на |
| 31.10.2022 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Александар Китански с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/2 | Градоначалник на
31.10.2022 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Александар Китански с.р

Бр. 09-1381/2
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за вработување во ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување во ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за 2023 година бр. 01-667/1 од 07.09.2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1370/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-667/1
07.09.2022год.
ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 09.09.2022. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1171/1 | | |

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
# ЗА 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01 – 667/1<br>07.09.2022 година |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ЈКП "Комуналец" - Пехчево |
| ЗА ГОДИНА: | 2023 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 5168368 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001997103328 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 06.09.2022 година |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Снежана Димовска | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Сања Касмска | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Борис Поповски | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" П.О. 2 ПЕХЧЕВО

## ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

*Табела 1.* Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | 21 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| б | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| в | Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| г | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година (г = а - б + в)** | 24 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | |

Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување:
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. бр | на работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ПЕХЧЕВО

***Табела 3.*** **Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година**

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)* | | |

Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 • ПЕХЧЕВО •

*Табела 4.* Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | |
|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | 2 |

Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини:
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. Бр | работно место (шифра и назив) | во орг. Един. | Во рамки на орг. Един. | Во рамки на орг. Един. | Причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КДР0402А02003 Чувар на филтер станица | Одделение за водоснабдителни објекти | Сектор за технички работи и развој | / | Пензионирање 08.07.2023 година | / | / |
| 2 | КДР0402А03005 Работник – чувар за одржување на гробишта | Одделение за технички работи и услуги (Оддел гробишта) | Сектор за технички работи и развој | / | Пензионирање 03.09.2023 година | / | / |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО „КОМУНАЛЕЦ“ п.о. 2 ПЕХЧЕВО

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |

*Табела 5.* Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Планирани пензионирања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

*Табела 6.* Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| | |
|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | 3 |

Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)*

| р. Бр | работно место (шифра и назив) | во орг. Единица | во рамки на орг. Единица | во рамки на орг. Единица | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. Единица | причина 2: пензионирање или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

6

| | | | | | | | | вработен? (наведете број) | денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КДР 0305Б04001 Водоинстала-тер на градски водовод | Одделе-ние за технички работи и услуги | Сектор за технички работи и развој | / | Зголемен обем на работа | / | / | (10) месеци | 264.220,00 денари бруто плата |
| 2 | КДР 0305В02001 Општ комунален работник | Одделе-ние за технички работи и услуги | Сектор за технички работи и развој | / | Зголемен обем на работа | / | / | (10) месеци | 264.220,00 денари бруто плата |
| 3 | КДР 0402А03005 Работник – чувар за одржување на гробишта | Одделе-ние за технички работи и услуги (Оддел гроби-шта) | Сектор за технички работи и развој | / | / | Пензионира-ње | / | (три) месеци | 79.266,00 денари бруто плата |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ПЕХЧЕВО

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | Опис | ВКУПНО |
|---|---|---|
| а | **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 3 |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната годината) | **24** | **22** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **0** | **0** |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" П.О.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а) | 3 | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ПЕХЧЕВО

Balancer Calculator

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-667/1
07.09 2022 год
ПЕХЧЕВО

Годишен План | Годишен Извештај

МИОА balancER

Матичен број на институцијата / назив на институцијата (доволно е да се внесат првите три бројки / букви): ЈКП Комуналец - Пехчево (5168368)

Име на институцијата: ЈКП Комуналец - Пехчево (5168368)

Попис на ниво на: Пехчево

Број на нови вработувања: 3

| Припадност на етничка заедница | Вработени на 31 декември тековната година (1) | Планирани пензионирања и заминувања во следната година (2) | Процентуална состојба (3) | Попис на население 2021 (4) | Распределба на новите вработувања за следната година (5) |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 22 | 2 | 90.91% | 84.6% | 3 |
| Албанци | 0 | 0 | 0.00% | 0.05% | 0 |
| Турци | 0 | 0 | 0.00% | 7.42% | 0 |
| Роми | 2 | 0 | 9.09% | 6.8% | 0 |
| Срби | 0 | 0 | 0.00% | 0.25% | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 0.00% | 0.02% | 0 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0.00% | 0.05% | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0.00% | 0.81% | 0 |
| Останати | 2 | 0 | 9.09% | 15.35% | 0 |
| Вкупно | 24 | 2 | 100.00% | 100% | 3 |

Испечати | Симни документ

Табела со сите можни распределби на новвработените лица

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" П.О. 2 ПЕХЧЕВО

© 2022 - balancER.mioa.gov.mk

9/7/2022, 11:5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/3
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/02), член 40 од Законот за основно образование (Сл.Весник на Р.М. бр.161/2019, 229/2020), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува анексот на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија.

Член 2

Анексот на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија, бр. 01-314/1 од 20.10.2022 година, е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1371/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПРИЛОГ 24**

## Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија

**Вовед:**

Потребата за организирање на продолжен престој на учениците во одделенска настава е резултат на современиот семеен живот, во кој работните обврски на двајцата родители/старатели и на самохраните родители поставуваат зголемени барања кон училиштето како примарна воспитно-образовна институција**.**

Во основното училиште се реализира и програма за работа во продолжен престој според Концепцијата за основно образование и воспитание која е во согласност со годишната програма за работа на училиштето. Програмата за работа во продолжен престој опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците во групи од прво до трето одделение, со ученици од различни одделенија во согласност со родителот. Организирањето на продолжен престој има своја поткрепа во однос на повеќе аспекти: педагошки (стручна помош за усвојување на одредени содржини), психолошки (рамномерно заменување на работата и одморот), социјален (организирање според потребите на родителите и учениците) и здравствен(развивање на културно- хигиенските навики). За време на продолжениот престој учениците учат, ги развиваат своите способности, ги работат домашните задачи, вежбаат, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други вонаставни активности.

1. **Планирање на воспитно-образовната работа**

**1.1. Цели на продолжениот престој во основното училиште се:**

- ➢ се овозможува живот што е исполнет со различни содржини кои поволно ќе влијаат врз развојот на личноста на ученикот/ ученичката, како и нивните индивидуални потенцијали;
- ➢ се обезбедува стекнување знаења, развивање вештини и формирање ставови согласно целите на наставните потреби и индивидуалните интереси;
- ➢ се развива како социјално суштество;
- ➢ се обезбедуваат услови за самостојна и конструктивна активност и творештво;
- ➢ се развива самодоверба и свеста за одговорност за своите постапки;
- ➢ се мотивира за барање и давање помош во учењето со соучениците;
- ➢ се оспособува за осамостојување во работата;
- ➢ се оспособува за изработка на домашни задади и самостојно проверување на изработеното и наученото;
- ➢ развива правилен однос кон функцијата на ентериерот во просторијата, негово правилно користење, односно правилен однос кон општествениот имот во училиштето и надвор од него;
- ➢ развива навики за ред и дисциплина;
- ➢ развива свест за потреба од другарство;
- ➢ развива способност за проценување на добри и лоши постапки;
- ➢ ги почитува правилата на однесување;
- ➢ стекнува навики за уредно и точно извршување на добиените задачи;
- ➢ развива способност за тимска работа и работа во група;
- ➢ се подготвува за понатамошно образование и доживотно учење.

## 1.2. Организација на активностите во продолжен престој

Воспитно-образовната работа со ученици кои посетуваат продолжен престој се реализира и организира во текот на целата учебна година. Целите, содржините, формите и методите на работа со учениците треба да произлезат од наставните програми за одделенијата од кои што се вклучени ученици во паралелката и да се потпираат на различните потреби, интереси и способности на учениците. Во согласност со член 40 став 4 и 5 од Законот за основно образование и по добиена согласност од МОН училиштето организира различни формина продолжен престој на ученици. Продолжениот престој се изведуваат во текот на работниот ден и во согласност на кадарот и условите кои ги има училиштето. Може да се организира во две смени пред започнување на часовите за редовна наставата и по завршување на часовите за редовна настава, во зависноста од организацијата на смените во училиштето.

## 2. Активности за работа во продолжениот престој

Активности со кои учениците го исполнуваат времето во продолжениот престој се:
- ➢ Задолжителни наставни активности (домашни задачи)
- ➢ Задолжителни наставни активности (вежби по наставни предмети)
- ➢ Слободни активности (со заеднички цели во училницата)
- ➢ Слободни активности (по избор )
- ➢ Пауза за исхрана и рекреација

*Наставникот во продолжениот престој ги определува содржините со кои ќе ги исполнува овие активности.*
*Домашните работи и вежбите се насочени активности.*

**Домашните работи** на учениците тесно се поврзани со работата на часот и претставуваат единство. Наставниот процес се продолжува со самостојната домашна работа преку учење и изработка на различни наставни задачи. Со домашната работа учениците се подготвуваат за настава. Тие се во функција на реализацијата на целите и задачите на наставата. Преку домашните задачи се врши утврдување, повторување, вежбање, продлабочување и проширување на знаењата и содржините обработени на часот. Се вежбаат знаењата, се формираат умеења и навики, учениците се оспособуваат за самостојно учење и работа, се развиваат навики за редовно учење, се усвојуваат методите и техниките за рационално и самостојно учење. Со домашните работи учењето станува планска активност и систем на интелектуална оспособеност на ученикот.

**Вежбање** во продолжениот престој претставува самостојна работа на учениците кои непрекинато е присутен, затоа што во секоја фаза низ која поминува учењето, всушност нешто се вежба. Вежбањето врши многу функции;
- ➢ Вежбањето посебно значење има за развојот на помнењето и мислењето;
- ➢ Во вежбањето се користат индивидуалните творечки способности на учениците и во исто време се развиваат на повисок степен;
- ➢ Помага да се искористат предзнаењата на учениците;
- ➢ Ги задоволува интересите, мотивите и желбите на учениците;
- ➢ Учениците имаат можност да ги докажуваат своите способности;

**Слободните активности (во училница)** Се однесуваат на активности кои се со иста цел за сите

ученици, тие целат на нешто дополнително да се научи, истражува, експериментира, можат да се одржуваат најразлични креативни работилници поврзани со наставата и надвор од неа, дебати, квизови, разговори, решавање проблемски ситуации, читање енциклопедии, проширување на знаења и интересите на учениците.

**Слободни активности по избор (слободно време)** се активности кои можат да се изведуваат надвор во училишниот двор каде учениците се рекреираат од наставата и сите обврски во текот на денот .
Освен овие активности се организираат и :

• Креативни работилници од различни области;
• Музички активности;
• Социјални активности;
• Активности од областа на културата;
• Уредување на училницата;
• Одбележување на празници.
При реализација на активностите наставникот најчесто применува метода на игра и хеуристичка метода, метод на истражување и метод на практична работа.

**3. Состав на групи за продолжен престој**

Групите за продолжен престој во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево се хетерогени, составени од ученици од различни одделенија од првиот наставен период. Задолжителните и слободните активности се организираат истовремено, но се базира на индивидуализација и диференцијација. Целита, содржината, методите и формите на работа со учениците произлегуваат од наставните програми за одделенијата од кои што се вклучени учениците во паралелката. Во почетокот насоките, објаснувањата и задачите се еднакви за сите ученици од исто одделение, но натамошната работа со учениците е со индивидуален пристап. Учениците кои брзо ги совладуваат наставните задачи добиваат дополнителни задачи за продлабочување на знаењата, со што го постигнуваат својот оптимален напредок.

**4. План на организација на работен ден на воспитно-образовна група во продолжен престој**

| Активност | Време на реализација |
|---|---|
| Доаѓање на учениците во училиште | $07^{30}$ – $08^{00}$ часот |
| Реализација на наставата (согласно наставниот плани и програма според изготвен распоред) | $08^{00}$- $12^{20}$ часот |
| Рекреативна пауза и ручек (според распоредот по одделенија) | $12^{20}$- $13^{30}$ часот |
| Задолжителни активности – активности во врска со наставата(додатна, дополнителна настава) | $13^{30}$- $14^{20}$ часот |
| Слободни активности (во училница) | $14^{20}$ - $15^{00}$часот |
| Активности во врска со наствата | $15^{00}$ - $15^{40}$ часот |
| Слободни активности по избор | $15^{40}$ - $16^{20}$ часот |
| Грижа за просторот (средување на училницата) | $16^{20}$ – $16^{30}$ часот |
| Заминување од училиште | $16^{30}$ часот |

## 5. Соработка со родителите/старателите

Наставниците во продолжен престој треба да соработуваат со родителите/ старателите применувајќи различни форми на сотрабoтка. Организираат и средби со родителите за поблиску да ги запознаат со текот и активностите на работата на продолжениот престој. Наставниците имаат обврска да ги информираат родителите за сите активности, за постигнувањата на нивното дете, а кога постои проблем заеднички да пристапат кон негово решавање. Наставникот навремено го известува родителот/старателот за однесувањето на ученикот во продолжен престој, како и за неговата посветеност кон задолженијата и домашните задачи или вежби. Најмалку два пати во годината наставниците ќе ги повикуваат родителите/старателите во училиштето со цел да бидат презентирани резултатите од активностите во продолжениот престој.

## 6. Работни должности на наставникот во продолжен престој

➢ изготвување на годишно планирање за продолжен престој, средорочно планирање и дневно планирање;
➢ подготовка и планирање на сите активности предвидени за работа, водење дневник за работа со воспитно-образовната група;
➢ определување на време за самостојна работа на учениците (пишување на домашна работа и извршување на други добиени задачи);
➢ давање матодички упатства при решавањето на добиените работни задачи;
➢ задолжителна анализа на добиените работни задачи;
➢ организација и реализација на вонаставни актовности;
➢ планирање на слободни активности;
➢ соработка со родители, наставници, стручни соработници и директорот во училиштето;
➢ соработка со локалната заедница, со институции од областа на културата и со сите други релевантни институции кои директно или индиректно се вклучени во работата на училиштето;
➢ помош при вршење на сите останати планирани активности во годишната програма за работа на училиштето.

Со цел да се организираат активности за проширување на знаењата на учениците и стекнување на различни вештини, наставниците треба да соработуваат и со дел од вработените во институциите и здруженијата надвор од училиштето (културно-уметнички друштва, спортски друштва, домови на култура, библиотеки, театри, музеи, едукативен центар, невладини организации, локална самоуправа)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/4
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и член 26 став 4 од Закон за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19, 229/2020), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 31.10.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево.

**Член 2**

Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево бр.01-316/1 од 19.10.2022 година, е составен ден од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1372/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ ВАНЧО КИТАНОВ
Бр. 01-316/1
19.10. 2022 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 26 став (3) и член 108 став (1) алинеа 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20), Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево, на седницата одржана на ден 19.10.2022 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА**
**ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО**

**Член 1**

Во Статутот на Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“-Пехчево бр.01-307/1 од 03.12.2019 год., во член 43 став (2) по зборовите: „с.Робово“ се става запирка и се додаваат зборовите : „с.Црник“.

Ставовите (4) и (5) се бришаат.

Ставот (6) станува став (4).

Во ставот (7) кој станува став (5) зборовите: „08 часот до 16 часот“ се заменуваат со зборовите: „07 часот до 15 часот“.

Во ставот (8) кој станува став (6) зборовите: „две смени“ се заменуваат со зборовите: „една смена“, а зборовите: „и од 12:00 часот до 20:00 часот.“ се бришаат.

Ставовите (11) и (12) стануваат ставови (7) и (8).

**Член 2**

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето, ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, а по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,**

Бр. 01-316/1
19.10.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за одобрување на приоритетен објект по проектот „Поврзување на локални патишта„ финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на приоритетен објект по проектот „Поврзување на локални патишта„ финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/5
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 12 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), како и согласно член 1 од Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта„ со средства обезбедени со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка (Сл.Весник на Р.М. бр.3/2020), Советот на општина Пехчево на десетата седница одржана на 31.10.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на приоритетен објект по проектот**
**„Поврзување на локални патишта„**
**финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка**

**Член 1**

Се одобрува приоритетен објект по проектот „Поврзување на локални патишта„ финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка:

- Реконструкција на ул. „Илинденска„ со крак од улица „Даме Груев„ и „Мирче Ацев„ во Пехчево.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1373/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучок за не усвојување на финансиски извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не усвојување на финансиски извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година, што советот на општина Пехчево го донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/6
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на финансиски извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не го усвојува Финансискиот извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1374/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за давање на користење движна ствар товарно возило Марка - IVECO ИВЕКО за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење движна ствар товарно возило Марка - IVECO ИВЕКО за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/7
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 31.10.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење движна ствар**
**товарно возило за собирање на комунален отпад на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на користење движна ствар, со следните карактеристики:

| Реден бр. | Назив на движни ствари | Опис на движните ствари | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Возило за компактирање со задно полнење | Товарно возило Марка - IVECO<br>Година на производство - 2020<br>Зафатнина на мотор – 2998 cm3<br>Тип на мотор: F1CFL4117*M501<br>Комерцијална ознака: (70C 18H WX)<br>Боја на каросерија - бела / 01<br>Идентификационен број: ZN3D070D109041984<br>Сила на мотор 132 KW<br>Број на мотор 3796231 | 1 |
| 2. | Метален контејнер за резидуален отпад | Марка ТЕКСИН,<br>Капацитет: 1100 литри со целосна купола или 1,1m3 | 64 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Записник од целосна сметководствена документација | Копија од целосна сметководствена документација содржана во записник од Министерство за финансии бр.12-6206/2 од 06.10.2022 година | 1 |

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на користење без надомест на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 10 (десет) години.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на возилото вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација ќе ги сноси ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 4**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во рок од 5 (пет) дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, товарно возило за собирање на комунален отпад, истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 6**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 08-295/1 од 10.03.2021 година, објавена во Службен гласник бр. 01/2021 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1375/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/8<br>31.10.2022 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/2002), и член 31 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018, 35/2019 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/2019 и 89/2022), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Се формира комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 2**

Комисијата е во следниот состав:

- Душко Миовски – претседател; Светлана Стамболиска – заменик претседател, вработени во општината;
- Марија Ризовски – член; Елица Јовевска – заменик член, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината;
- Марија Милевска Деспотовска – член; Сања Гајдуринска Касмска – заменик член, вработени во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;

**Член 3**

Комисијата има за задача:

- да изврши селекција (проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување);

- да спроведе интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција;

- да достави до Совет на општина Пехчево ранг листа од најдобро рангирани кандидати за членови на управен и надзорен одбор.

**Член 4**

Советот на општина Пехчево најдоцна 15 дена од денот на приемот на ранг листата со најдобро рангирани кандидати ќе донесе Одлука за именување на членови во управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1376/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучок за не усвојување на годишен план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не усвојување на годишен план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/9 Градоначалник на
31.10.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 31.10.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на годишен план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не го усвојува годишниот план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево.

**Член 2**

Во основното училиште има формирано училишен спортски клуб, кој работи по план и програма со учениците од ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1377/1 Совет на општина Пехчево
31.10.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен проценител на недвижен имот**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен проценител на недвижен имот, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/10
31.10.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 14 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен проценител на недвижен имот**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-1337/1 од 20.10.2022 година, за обезбедување на услуги од општина Берово за општина Пехчево и тоа:
-комплетна услуга од овластен проценител на недвижен имот на општина Берово, за општина Пехчево

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1378/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 31.10.2022 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именуваат:

- Николчо Станоевски - советник за документација за градба и заштита на животната средина
- Ефтим Андоновски - самостоен референт за уредување на градежно земјиште, локални патишта и улици

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1378/2
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор, што советот на општина Пехчево ја донесе на десетата седница одржана на ден 31.10.2022 година.

Бр. 09-1381/11 Градоначалник на
31.10.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 14 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 31.10.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-1339/1 од 20.10.2022 година, за обезбедување на услуги од општина Берово за општина Пехчево и тоа:
-комплетна услуга од овластен градежен инспектор,

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1379/1
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 31.10.2022 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именуваат:

- Николчо Станоевски - советник за документација за градба и заштита на животната средина
- Ефтим Андоновски - самостоен референт за уредување на градежно земјиште, локални патишта и улици

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1379/2
31.10.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година _______________________________________________________________ 3;
2. Одлука за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2022/2023 година - Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија _____________________________14;
3. Одлука за давање на позитивно мислење за измени и дополнувања на Статутот на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево __________________________________________________ 19;
4. Одлука за одобрување на приоритетен објект по проектот ,,Поврзување на локални патишта,, финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка_21;
5. Заклучок за не усвојување на финансиски извештај за фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски павловден 2022 година _______________________________________________ 22;
6. Одлука за давање на користење движна ствар товарно возило Марка - IVECO ИВЕКО за собирање на комунален отпад на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________________________ 23;
7. Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________________ 25;
8. Заклучок за не усвојување на годишен план и програма за работа на фудбалска школа на подрачјето на општина Пехчево __________________________________________________ 27;
9. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен проценител на недвижен имот _________ 28;
10. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор __________________30;